Tweet Follow @UtrinskiVesnik Ми се допаѓа 0

23.12.2012, 16:04

# ТЕКСТУРА НА ЖИВОТОТ Е МОЈА НАЈВАЖНА ИЗЛОЖБА

**Фотографот Иван Блажев забележува дека Скопје станува се' понеинспиративна и задушувачка средина во која тешко се опстојува**

Катерина Богоева

**Вашата изложба „Текстура на животот“, поставена во Музејот на современата уметност, на која презентирате поединечни фотографии, Ве потврдува уште еднаш како еден од најдобрите македонски фотографи, автор кој умее документарното да го префрли „од другата страна“ и со невидена леснотија на гледачот да му ја приближи поетиката на животот. Низ колку дела овој пат и зошто се одлучивте за ретроспектива?**

ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ПОЛСКИТЕ ИЗДАВАЧИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ АВТОРИ
- ИЗГЛАСАНА РЕЗОЛУЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА
- ВО НАЦИОНАЛНАТА ГАЛЕРИЈА ИЗЛОЖБА НА ГРАФИКИ ОД ИВАН МЕШТРОВИЌ
- СО ЕСКЛУЗИВЕН КОНЦЕРТ ВЕЧЕРВА ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕНА НОВАТА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА
- ВОЗЕТЕ ВНИМАТЕЛНО- НАМЕСТА ПАТИШТАТА ВЛАЖНИ И СО ОДРОНИ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

20° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Облачно

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |

| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
|---|---|---|---|---|
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома
- Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ
- IN MEMORIAM: Почина д-р Ѓорѓи Ставриќ, основач на дијагностичката лабораторија за малигни болести

Во почетокот на 2011година, веднаш по завршувањето на книгата од проектот „Лицата на невидливиот град“, размислувајќи за тоа што би работел следно, се почувствував како да сум удрил в sид. Сакав да менувам нешто, да направам исчекор во однос на тоа што го правев дотогаш. Со секој мој нов проект, колку и да изгледа тоа суптилно, откривав нови територии, дали тематски или стилски. Колку што „Блесоци“ тематски обработуваше една затворена средина, микрокосмос, „Македонија сонувајќи“ просторно и временски беше многу поотворен проект со многу поширока тема, „Скопје со очи отворени“ беше мој прв обид фотографски да го совладам градот (Скопје) како тема, „Дома“ беше обид за игра помеѓу фотографијата и текстот, а во „Лицата на невидливиот град“ првпат користев колор фотографија. Така и сега, имав потреба да истражувам во нова насока, но се чувствував помалку испразнето, без идеја во кој правец да продолжам. И тогаш произлезе идејата за ретроспективен проект, како начин да се навратам наназад, можност за една продлабочена рефлексија на моите дотогашни естетски и авторски позиции, надевајќи се дека така ќе излезам од состојбата во која бев заглавен. По речиси една година размислување и работа на овој проект, заедно со Зоран Петровски, кустос во МСУ, успеавме да составиме изложба од 65 дела, фотографии настанати во изминатите 15-ина години, кои биле направени како дел од објавени проекти, но не влегле во финалниот избор, проекти на кои сум работел подолго или пократко време, но никогаш и никаде не биле јавно прикажани, како и поединечни фотографии направени надвор од некаков контекст на поголем проект или нарација.

**Извлековте ли одговори на сопствените прашања кои неминовно се наметнуваат кога животот и творештвото ќе се погледне од одредена временска дистанца?**

Во тој поглед можам да кажам дека изложбата (проектот) ги исполни очекувањата и ја оствари својата однапред поставена цел за која веќе зборував. Уште од самиот почеток концептот за изложбата беше поставен на неколку прашања кои бараа одговор, а во текот на подготовките произлегоа и други прашања со одговори поврзани токму со темите за кои прашувате, фотографијата и животот, како и нивната поврзаност. Затоа, оваа изложба ја сметам за моја најважна досега и посебно вредна во рамките на моето творештво.

**Досегашните Ваши изложби најчесто беа дел од домашни и меѓународни проекти поврзани со социјалното, културното живеење на луѓето, со мултиетничноста. Зошто Ве привлекуваат ваквите теми и тоа во време на се поголема популарност на рекламните фотографии?**

Зошто?! Не знам... едноставно тоа сум јас. Немам некое логично објаснување. Уште во периодот на додипломските студии по режија и камера многу повеќе ме привлекуваа документарните филмови. По завршувањето на тие студии, во Њујорк работев во продукцијата на браќата Мејзлс, култни документарни филмски автори. Ова искуство имаше огромно влијание врз моето понатамошно творење и на полето на фотографијата. Ако не грешам, мислам Достоевски има кажано дека „животот е пофантастичен отколку која било фикција“. Темите и видот на фотографијата со која се занимавам за мене претставуваат вистина, искреност и интегритет наспроти фабрикувањето, преправањето и претенциозноста на рекламната фотографија.

**Засекогаш ли го напуштивте режирањето? Да потсетиме, од 1996 до 2000 година работевте на кратки и документарни филмови и на музички видеа, реклами.**

Имам впечаток дека ова е прашањето за милион долари. Можеби најчесто поставуваното прашање последниве години, а одговорот е секогаш недефиниран, несигурен и, на крајот на денот, можеби и непознат. Не би сакал да кажам „засекогаш“ од страв да не си го прекршам зборот и од некаков личен принцип. Но, факт е дека повеќе од десет години не сум режирал ниту еден проект, не размислувам за видео/филмски проекти, а и пред неколку години кога ја обновував својата фотографска опрема, иако веќе имаше фотоапарати кои покрај фотографии снимаат и квалитетно видео, јас се одлучив за фотоапарат кој снима само фотографии. Размислувајќи за овие работи мислам дека тие кажуваат нешто.

Deutsche Welle
- Северна Кореја: Секоја недела една ракета?
- Договор за владата до крајот на неделава?
- Пипа кажа „Да“

**Доцент сте на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет каде што предавате фотографија и мултимедија, дипломиравте филмска режија и камера во Њујорк, магистриравте фотографија на Академијата за уметности во Нови Сад, автор и коавтор сте на книги за фотографија и се' уште живеете во родното Скопје. Не Ве зафати ли трендот на заминување од земјава ?**

Ме зафаќа, на моменти и ме преплавува. Скопје станува се' понеинспиративна и задушувачка средина во која тешко се опстојува. Пренатрупано, естетски навредливо, сообраќајно некултурно и себично... Но, се' уште сум тука. Размислувам за тонот со кој ја кажав последнава реченица, дали ми звучи поразително затоа што немам начин да заминам или исполнет со надеж дека работите можеби и ќе се сменат на подобро?!

**Една од Вашите изложби проследена со книга носеше наслов „Македонија сонувајќи". Како ја видовте Македонија во оваа година и за каква Македонија сонувате во идната 2013?**

Македонија станува неверојатно агресивна во секој поглед - политички, економски, естетски, културно, социјално - а најстрашно е што жртви на таа агресија се нејзините граѓани. Секојдневно ја трпиме и живееме опкружени со агресивност. Во одговорот на претходното прашање зборував за Скопје како средина во која тешко се опстојува. Истото тоа важи и за Македонија, но уште посеопфатно, во секоја пора на секојдневјето. А сонувам за Македонија во која ќе се вреднуваат индивидуалните квалитети и потенцијали, ќе се почитуваат индивидуалните човечки права и вредности, а квалитетот на секојдневниот живот за мене и моето семејство (а и на моите сограѓани) нема да зависи од општинско-партиските интереси и меѓупартиските препукувања.

Статијата е прочитана 1516 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

**ОСТАНАТИ ВЕСТИ**

**Конкурс за „Роман на годината" на „Утрински весник"**
**Концерт на Софија Никоска - виолина и Христина Никоска - пијано**
**Пети Смит најавува уште една книга по наградената „Just Kids"**
**„Трето полувреме"не влезе во трката за „Оскар"**
**Се' повеќе млади фотографи меѓу членовите на „Чкрап"**



РЕДАКЦИЈА

ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат

Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk